# ЗАПИСНИК

## ОД ОДДРЖАНА ЈАВНА РАСПРАВА ЗА ПРЕДЛОГ-ЗАКОН ЗА КРИТИЧНА ИНФРАСТРУКТУРА

На 21.12.2022 година во Клуб на пратеници се оддржа Јавна расправа за Предлог-закон за критична инфрастуктура каде што беа присутни и претставници од владини и невладини инстутиции.

Јавната расправа ја отвори претседателот на Комитетот МКД НАТО 2030 проф. д-р Марјан Ѓуровски. По неговиот говор, зема збор и министерката Петровска, како и проф. д-р Роберт Микац од Република Хрватска преку видео обраќање.

Од страна на Сашо Кузмановски беше одржана презентација за Предлог-Закон за критична инфраструктура.

По одржаната презентација збор земаа и нас. доц. д-р. Ѓорѓи Алчески преку видео обраќање, проф. д-р. Александра Деаноска Трендафилова и проф. д-р. Весна Попоска.

Од страна на Сашо Кузмановски беше отворена и јавна дискусија.

-Директорот на Агенција за цивилно воздухопловство -Тунтев

-Нема точна дефиниција за критична инфраструктура

-Да се поттикнат сите засегнати страни бидејќи критичните инфраструктури сите не засегаат.

-Игор Ѓорески-МО

-Дали институциите на власта, граѓанскиот сектор, приватните компании и сите останати чинители се подготвени да го прифатат предизвикот и одговорностите кои произлегуваат од имплементација на обврските од овој закон и на тој начин да го овозможат градењето на околноста на државно ниво кон заканите, предизвиците и опасностите.

-Стевко Стефановски-ЦУК

-Во чл.1 каде што се определува предметот на овој закон почнува со „Овој закон се уредува заштитата, отпорноста и идентификацијата„ од аспект на последовстелност можеби треба да стои идентификација, отпорност и заштитата. Меѓутоа во заштитата тој има негово мислење дали да користиме заштита или управување со критична инфраструктура.

-Кети Ристеска-МО

-Повеќе да ни кажете околу планираната динамика, кога очекуваме овој пакет да биде акредитиран и нешто повеќе околу мониторингот на имплементација на законот.

-пполк. Маријан Зафировски

-Негово мислење како на пример што имаме спецификација на офицери, спецификација на компјутерски мрежи да има и спецификација на институциите или на таа препознаена критична инфратруктура што ќе биде во институциите.

-полк. Васко Коколански

-Во членот каде што се дефинира стратешкиот пристап можеби подобро би било да биде сеопфатен пристап

- Недостасуваат елементи на операционализација

-Во принципите односно начелата на законот би било убаво доколку се стави економичност на ресурсите

-Како се планира да се дадат задолженија на сите чинители во заштитата на критичната инфраструктура и кој би бил рокот за операционализација на овој закон?